Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот , при градот Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 6 (шест) дрва (3 гледичи и 3 багреми), што се наоѓаат **на ул. "Љубљанска" – Скопје.**
2.Пресадувањето на дрвата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 7 дена.
3. Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Пресадувањето треба да биде на територија на Општина Карпош.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Сектор за планирање и уредување на просторот при градот Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-сл** од **07.10.2024** година, за пресадување на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Љубљанска" – Скопје,** наведувајќи дека заради започнување на изградба на улицата, потребно е да се направат претходни заштитно-технолошки истражувања, од страна на Конзерваторски центар-Скопје. За да се направат истражувања потребно е да се отстранат дрвата наведени во диспозитивот.
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето се јавно зеленило и дека се наоѓаат на трасата за изградба на ул. Љубљанска Фаза 1 и подфаза 1.2 и Фаза 2 , согласно Договор бр. 08-2779/1 од 16.03.2020 година и Анекс договор бр. 08-12382/1 од 07.12.2023 година помеѓу Град Скопје и Национална установа Конзерваторски центар – Скопје, заради извршување на истражни работи од страна на НУ Национален конзерваторски центар.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,,Паркови и зеленило,,- Скопје.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-13-сл/2**
**17.10.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

_______________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

_______________________

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

_______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено / Pranuar | 17 10 2024 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. / Njës. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 08-5/ | 348 | | |

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при Град Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14**-13-сл/2. од 17.10. 2024 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. 14-13-сл/2 од 17.10. 2024 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при Град Скопје овој орган има донесено решение со што се дозволува пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 6 (шест) дрва (3 гледичи и 3 багреми) заради изградба на ул. Љубљанска – Скопје.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, заради извршување на истражни работи од страна на НУ Национален конзерваторски центар,

Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се убрза комплетна постапка околу изградбата на патот, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-13-сл/3**
**17.10.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изготвил
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено Pranuar | 17 10 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 08-5/ | 349 | | |